Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

Извадок на дел од дневните настани 02.06.2024

На 01.06.2024 полициски службеници од ОВР Неготино, со наредба од Основен суд Неготино, извршиле претрес во домот на Ќ.С.(29) во село Корешница, неготинско. При претресот биле пронајдени и одземени марихуана, предмети со остатоци од бела прашкаста материја, како и маневарски куршуми калибар 7.62мм, кои биле одземени од неговиот татко М.С.(51), додека К.С. не бил дома. Со М.С. бил извршен службен разговор во кој тој појаснил дека куршумите се негови, а при извршена проверка било констатирано дека ги поседува без дозвола. По целосно расчистување и документирање на случајот ќе следуваат соодветни поднесоци.

На 01.06.2024 во 10.00 часот на подрачјето на општина Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.М.(29) од Скопје, поради тоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 01.06.2024 година во 15.35 часот полициски службеници од ОВР Гостивар ги лишиле од слобода Р.Д.(20) и Х.В.(35), двајцата од Кавадарци, како и Ж.З.(56) од Гостивар. Тие се сомничат дека сториле кривично дело „нелегално поврзување во електрична мрежа и кражба на електрична енергија", казниво по член 235 од Кривичниот законик. Тројцата се задржани во полициска станица за понатамошна постапка и против нив ќе следува соодветен поднесок.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (01.06.2024) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 88 мерки, меѓу кои за возење без возачка дозвола девет санкции, пет санкции за користење мобилен телефон при возење, четири мерки за минување на затворен сигнал - црвено светло, 11 санкции за управување под дејство на алкохол...

На 01.06.2024 во 06.50 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосница од регионален пат Скопје–Велес со локален пат с.Јурумлери–с.Долно Лисиче, патничко возило „фолксваген пасат" со скопски регистарски ознаки, управувано од М.К.(20), удрило во пешакот С.А.(55), двајцата од с.Јурумлери, скопско. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил пешакот, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 01.06.2024 во 21.00 часот во СВР Куманово било пријавено дека на крстосница од ул.„Тоде Мендол", ул.„Есперанто" и локален пат за с.Романовце, кумановско, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „бмв", управувано од А.Д.(24) од Куманово и мотоцикл „јамаха", управуван од С.О.(21) од Куманово, двете со кумановски регистарски ознаки. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот на мотоцикл, констатирани во Општата болница Куманово. Извршен бил увид од увидна екипа на СВР Куманово.

На 01.06.2024 во 09.40 часот во ОВР Струга, било пријавено дека на ул.„Пабло Неруда" во Струга патничко возило „опел" со струшки регистарски ознаки, управувано од Е.М.(21) од с.Радолишта, струшко, удрило во пешакот С.Д.(68) од с.Долна Белица, струшко, по што го напуштило местото. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил пешакот, констатирани во Специјалната болница „Св.Еразмо" во Охрид. Извршен бил увид од увидна екипа на ОВР Струга.

На 01.06.2024 во 07.40 часот било пријавено дека на ул.„Илинденска" во Пехчево товарно возило „мерцедес" со беровски регистарски ознаки, управувано од Д.П.(64), удрило во пешакот А.В.(66), двајцата од Пехчево. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил пешакот, констатирани во ЈЗУ Здравствен дом Пехчево. Извршен бил увид од увидна екипа на ОВР Берово.

На 01.06.2024 во 19.45 часот во Полициската станица Центар, С.С.(42) од Охрид пријавила дека на ул.„Орце Николов" во Скопје била касната од куче скитник.

На 01.06.2024 во 21.00 часот во Полициската станица Аеродром, С.Д.(47) од Скопје пријавил дека на кеј на реката Вардар неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Б.О.(36) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 08.10.2023 полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле хероин.

На 01.06.2024 во 17.55 часот во СВР Битола било пријавено дека на крстосница од ул. „Партизанска" и ул.„Ѓорги Наумов" во Битола, патничко возило „тојота" со битолски регистарски ознаки, управувано од К.М.(23) од Битола, удрило во велосипед управуван од Н.Ѓ.(59) од Битола. Во несреќата велосипедистот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Клиничката болница Битола. Извршен бил увид од увидната екипа од СВР Битола.

Денеска (02.06.2024) во 10.30 часот на улица ,,Цветан Димов" во Тетово полициски службеници го лишиле од слобода М.М.(50) од тетовско Боговиње, кој бил со патничко возило ,,БМВ" со тетовски регистарски ознаки. Тој се сомничи дека околу 10.15 часот во угостителски објект во село Боговиње со огнено оружје го усмртил А.Џ.(47) од истото село, со кого имале претходно меѓусебно нетрпение. При преглед на возилото е пронајдена и одземена една автоматска пушка. Тој е задржан во полициска станица и по документирање на случајот ќе следува пријава. Увид извршија Јавен обвинител и увидна екипа од СВР Тетово.

На 01.06.2024 во 23.25 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Чаир, 21-годишната Д.С.(21) и Б.Ј.(35), двајцата од Скопје, биле физички нападнати од Ј.Ш.(36) и Б.Ј.(31), двете од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

СВР Битола поднесе кривична пријава против И.Р.(46) од Битола, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 16.08.2023, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле хероин и две дигитални ваги со остатоци од хероин и кокаин.

Денеска (02.06.2024) во 00.50 часот во Полициската станица Центар, Т.Ѓ.(66) од Скопје пријавил дека од домот се оддалечила неговата ќерка С.Ѓ.(33), која имала здравствени проблеми. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 01.06.2024 во 21.00 часот во СВР Скопје, Г.К.(55) од Скопје пријавил дека околу 19.20 часот на подрачјето на Карпош, по претходно недоразбирање во сообраќајот, бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.06.2024 во 21.10 часот во СВР Скопје 49-годишна жена пријавила дека во домот на подрачјето на Драчево била физички нападната од нејзиниот сопруг В.В. од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против А.С.(24) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 02.01.2024, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

На 01.06.2024 во 19.35 часот во СВР Скопје било пријавено дека во напуштен објект на подрачјето на Центар во Скопје било пронајдено починато машко лице. Од страна на лекар од Итната медицинска помош била констатирана смрт. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатиот е дадено на обдукција.

На 01.06.2024 во 14.40 часот во СВР Скопје 55-годишен маж пријавил дека во домот на подрачјето на Карпош бил физички нападнат од неговиот син, Д.К. од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.06.2024 во 17.30 часот во СВР Скопје, 19-годишна жена пријавила дека околу 10.00 часот во домот на подрачјето на Шуто Оризари била физички нападната од нејзиниот сопруг Љ.Л. од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Свети Николе поднесе кривична пријава против Д.А.(27) од Свети Николе, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 08.02.2024, на автопатот Скопје - Свети Николе, полициски службеници извршиле преглед на патничко возило управувано од пријавениот, при што бил пронајден и одземен кокаин.

На 01.06.2024 во 18.47 часот СВР Скопје, од Казнено-поправната установа Затвор Идризово било пријавено дека во затворениот дел на установата бил нарушен јавниот ред и мир со меѓусебна физичка пресметка помеѓу две групи на затвореници, во која осуденикот Х.Ф.(29) од с.Студеничани, скопско, се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Градската општа болница „8 Септември" во Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.06.2024 во 23.28 часот во СВР Штип било пријавено дека во Кочани, Ј.А.(62) од Кочани се самозадоволувал пред малолетничка, а во еден момент ја допрел и по телото. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против С.А.(18) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 11.12.2023, при извршен преглед над пријавениот била пронајдена и одземена марихуана.

Денеска (02.06.2024) во 01.35 часот во СВР Скопје, А.А.(29) од Скопје пријавил дека околу 00.20 часот во двор од куќа на подрачјето на Шуто Оризари, каде со возило бил донесен од страна на пет лица, бил физички нападнат од нив и од уште неколку други лица, при што му бил одземен и паричникот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.